**ЗАКОН ЗА УПРАВНИТЕ СПОРОВИ**
**(„Службен весник на Република Македонија“бр. 62/2006, 150/2010)**

**1. Управните спорови во Република Македонија ги решаваат**:

а) Управниот суд, како првостепен суд; Вишиот управен суд како второстепен суд и Врховниот суд на Република Македонија кој одлучува по вонредни правни средства во случаите кога тоа е уредено со овој закон
б) Управниот суд, како првостепен суд; Вишиот управен суд како второстепен суд и Апелациониот суд кој одлучува по вонредни правни средства во случаите кога тоа е уредено со овој закон
в) Управниот суд, како првостепен суд;Вишиот управен суд како второстепен суд

**2. Кој суд одлучува по жалби против одлуките на Управниот суд донесени во прв степен?**

а) Апелациониот суд
б) Вишиот управен суд
в) Врховниопт суд на Република Македонија

**3. Вишиот управен суд одлучува во совет од:**

а) тројца судии
б) пет судии
в) судија поединец

**4. Управен спор се поведува**

а) со тужба
б) со приговор
в) со жалба

**5. Кога Тужителот се откаже од тужбата се до донесувањето на одлуката, во тој случај Управниот суд со решение ќе ја:**

а) запре постапката
б) отфрли тужбата
в) одбие тужбата

**6. Против одлуките на Управниот суд странките можат да изјават жалба во рок од:**

а) 15 дена од денот на доставувањето на одлуката преку Управниот суд до Вишиот управен суд
б) 8 дена од денот на доставувањето на одлуката преку Управниот суд до Вишиот управен суд
в) 15 дена од денот на доставувањето на одлуката преку Управниот суд до Апелациониот суд

**7. Против одлуката на судот може да се изјави жалба поради:**

а) суштествени повреди на одредбите на постапката, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право
б) само поради суштествени повреди на одредбите на постапката
в) суштествени повреди на одредбите на постапката, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба

**8. Во управен спор :**

а) странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие
б) трошоците паѓаат на терет на странката кој го изгубила управниот спор
в) трошоците паѓаат на терет на Буџот на Република Македонија

**9. Кој суд одлучува по вонредни правни средства против одлуките на Вишиот управен суд?**

а) Врховниот суд на Република Македонија
б) Второстепена комисија при Вишиот управен суд
в) Апелационен суд

**10. Управен суд одлучува во совет од :**

а) тројца судии
б) Пет судии
в) На седница на судии

**11. Тужбата се поднесува во рок од:**

а) 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до  странката
б) 5 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката
в) 8 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката

**12. Кога Управниот суд ќе утврди дека веќе постои правосилна одлука донесена во управен спор за истата работа:**

а) со решение ќе ја отфрли тужбата
б) со решение ќе  одбие тужбата
в) со решение ќе ја запре постапката

**13. Ако на расправата не дојде ниту тужителот ниту тужената страна, а расправата не се одложи,**

а) судот ќе го расправи спорот и без присуство на странките
б) ке ја одбие тужбата
в) тужбата ќе се смета за повлечена

**14. Судот донесува  пресуда кога:**

а) тужбата ја уважува како основана или ја одбива како неоснована
б) тужбата  ја отфрли како ненавремена
в) тужбата  ја отфрли како неуредна